До:

ОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Бул.АСНОМ бр.1
1000 СКОПЈЕ-Аеродром

ОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Регионална дирекција Скопје
Регионален даночен инспекторат Скопје

Број: 2818/01220-0894/2
Датум: 31.01.2023

2 [illegible] 13/02/2023

Врз основа на член 102 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ", бр.35/18..и Сл.Веснаик на РСМ бр....275/19...247/22), се изготвува

## ЗАПИСНИК
### од надворешна контрола

| **Податоци за службено лице** | |
|---|---|
| 1. Бранимир Михајловски | СЛ бр. 01120 |
| 2. | СЛ бр. |
| 3. | СЛ бр. |

| **Податоци за даночен обврзник / субјект** | | |
|---|---|---|
| ЕДБ / ЕМБГ: | 4030992168006 | ДДВ број: МК 4030992168006 |
| Даночен обврзник: ** назив и адреса* | ОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>Ул. Бул.Асном бр.1 Скопје<br>1000 СКОПЈЕ-Аеродром | |
| Деловна единица: ** назив и адреса* | | |
| Дејност: | Останати спортски дејности | |
| Шифра на дејност: | 93.19 | |
| Основачи на даночниот обврзник: | -Даниел Димевски ул.Кнез Хацон бр.2 Скопје Карпош | |
| Овластено лице / управител: | Даниел Димевски ул.Кнез Хацон бр.2 Скопје Карпош | |
| Денарски сметки во деловни банки: | | |
| Девизни сметки во деловни банки: | | |

| **Податоци за контрола** | |
|---|---|
| Број на налог: | 2818/01220-0894 |
| Вид на контрола: | ДДВ |
| Контролиран период : | 01.01.2021 - 30.06.2022 година |
| Време на вршење на контролата | 7 денови |
| Место на вршење на контрола | Простории на МОК |
| Лице присутно и одговорно за давање на информации и документација: | Даниел Димевски-овластено лице |
| Последна извршена контрола: | Вид: / |
| | Период:/ |
| | Датум: / |

**НАОД**

Надворешната контрола е извршена врз основа на одредбите од Законот за даночна постапка и Законот за управата за јавни приходи („Службен весник на РМ", бр.43/14... 7/19).

Кај даночниот обврзник со контролата констатирано е следното:
Олимписки Комитет на Северна Македонија (ОКМ или МОК) а за целите на ДДВ обврзник во УЈП РД Скопје е регистриран со решение бр.27-95/01235 од 17.09.2021 со почетен период од 01.08.2021 година како тромесецен ДДВ обврзник.
За утврдување на точноста,законитоста и веродостојноста на искажаните податоци во даночните пријави со надворешната контрола е изршен увид во целокупната презентирана книговодствена документација (влезни,излезни фактури,ЕЦД,ЦМР, изводи) и поднесените ДДВ пријави.

**Материјални и нематеријални средства**

Во деловните книги со состојба на 30.06.2022 год. искажани се материјални и нематеријални средства со набавна вредност во вкупен износ од35,460.527,00 ден евидентирани на конто 0205-025 ( опрема, софтвер, канцелариски столици, Коасар трака за трчање, Антропометар-калипењр Апарат, Танита МЦ780 телесен анализатора, Кит ОЈ Кит Опто Гаит-Мерење висина и скок, Гико Спорт машина -мерење лакти, ТМГ машина-мерење на мускулни влакна, Кортех метаконтрол-ергоспинометрија) и акумулирана амортизација евидентирана на конто 0290 во износ од 1.191.293,00 денари и сегашна вредност во износ од 34.269.234,00 денари.

**Основна дејност** на даночниот обрзник за контролираниот период е останати спортски дејности( подготовки за зимски и летни олимиски игри на репрезентативци од различни спортови) .
Даночниот обврзник на контролата и достави на увид:
-договор за вршење на сметководствени работи склучен со Стандарт Биро Дооел Скопје претставувано од управителот Горан Поп Иванов
-Договор за закуп склучен со Спортски Центар Јане Сандански ДООЕЛ Скопје во кој е прецизирано кои се делови од спортскиот центар се закупени и истите може да се даваат во подзакуп на физички и правни лица ( спортска сала мала и голема, фитнес центар, канцеларии, конференциска сала, како и приходи од одржување на истите)
Во текот на контролата кај даночниот обврзник има вработено 22 лица за кои редовно се исплаќаат плати и придонеси.
Средствата кои што легнуваат на сметката на даночниот обврзник се средства од Интернационален Олимписки Комитет(ОИК) и од остварени приходи од закуп.
ОИК дава донации за развој на спорт БИАТЛОН (скијање и стрелање) на МОК, потоа МОК истите средства ги пренесува на Биатлон Федерација на Македонија за нивно понатамошно располагање. Исто така средствата донирани од ИОК претставуваат стипендии за подготовка на натпреварувачи( репрезентативци) на Летни олимписки игри ( пливање, стрелање, таеквондо и борење) како и за зимски олимписки игри (алпско скијање и крос кантри скијање). По правилата на ИОК средствата односно стипендиите се даваат на натпреварувачите-учесниците на ЛОИ и ЗОИ две години на месечно ниво пред почетокот на олимиските игри како и истите се користат за престој , авионски летови, останати трошоци во текот на натпреварувањето. Останатите спортови се финансираат сами преку своите федерации ( РФМ, ФФМ, КФМ и др.)
**ПРИХОДИТЕ** што ги остварува даночниот обврзник се од : изнајмување на простор ( спортски сали за натпревари мала и голема сала во комплексот Јане Сандански) и тоа најчесто за натпревари ракомет (РК Вардар, РК Алкалоид, РК Голден Арт за мажи и жени) потоа за спортски натпревари за кошарка на кошаркарски клуб МЗТ Скопје-Аеродром и за интернационални натпревари ЕХФ лига, Лига Шампиони во Ракомет како и АБА Лига во Кошарка бидејќи самиот објект има лиценца од ЕХФ и ФИБА стандарди за интернационални спортски натревари. Исто така приходи се оставруваат од закуп на конференциска сал, фитнес клуб, канцеларии на ракометни и кошаркарски клубови, одржување на канцеларии и чистење на истите.

| Период | Оданочи в промет со 18% поле 1 | ДДВ поле 2 | Извоз поле 7 | Влезен Промет поле 18/21 | Влезно ДДВ поле 19/22 | Увоз поле 24/27 | ДДв Увоз поле 25/28 | Даночен долг/поб арување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 01.08-30.09.21 | 1.525.450 | 274.581 | 2.131.900 | 1.485.324 | 241.379 | / | / | 33.202 |
| 01.10-31.12.21 | 3.878.254 | 698.086 | / | 3.879.338 | 684.859 | / | / | 13.227 |
| **вкупно** | **5.403.704** | **972.666** | **2.131.900** | **5.364.662** | **926.238** | **/** | **/** | **46.429** |
| 01.01-30.06.22 | 5.058.056 | 910.448 | / | 4.664.389 | 828.663 | / | / | 81.785 |
| 01.04-30.06.22 | 3.667.321 | 660.116 | / | 5.303.284 | 876.118 | 16.109.856 | 2.899.775 | -3.115.777 |
| **Вкупно** | **8.725.377** | **1.570.568** | **/** | **9.967.673** | **1.704.781** | **16.109.856** | **2.899.775** | **-3.033.992** |


Твој данок, твоја иднина!

бул. Кузман Јосифовски - Питу бр.1 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000 info@ujp.gov.mk www.ujp.gov.mk

**Контрола на оданочив промет 01/01/2021 - 30/06/2022 година** - Во контролираниот период во ДДВ пријавите, даночниот обврзник пријавил оданочив промет по општа даночна стапка за 2021 година во износ од 5.403.704,00 ден. и данок на додадена вредност што се должи во износ од 972.666,00 ден. За период од 01.01.2022 до 30.06.2022 година искажан е промет во износ од 8.725.377,00 денари и ДДВ со 18% во износ од 1.570.568,00 денари. Со извршениот увид во сметководствената документација излезни фактури и испратници се констатира дена оданочивиот промет по општа даночна стапка на сметките 7515 до 7572 произлегува од извршен услуги закуп на простор, а обврската за ДДВ 18% е евидентирана на сметка 2601
Контролата изврши увид во приложената документација евидентирана во налог за книжење:бр 120040, 120019, 120004 од 2021 и 120009, 120007, 120035 од 2022 година.

**Промет ослободен од данок со право на одбивка на претходен данок :** даночниот обврзник во 2021 година има евидентирано промет осободен од данок на поле 7 кој произлегува од изнајмување на сала за европско првенство ракомет до 19 години за период додека трае целото првенство и прометот е настанат со издавање на фактура спрема Ракометна Федерација на РСМ. Со овој излезен промет даночниот обврзник станува ДДВ обврзник согласно чл.51 од ЗДДВ. Прометот на конто 75150 е евидентиран во НЗК бр.120001 за 2021 година.

**Контрола на влезен промет со право на одбивка од домашен промет-** За период од 01.01.2021 до 30.06.2022 година даночниот обврзник искажал влезни исполнувања од домашни добавувачи во износ од 5.3674.662,00 денари и влезно ДДВ во износ од 926.238,00 денари за деловната 2021 година, влезен промет во износ од 9.967.673,00 денари и влезно ДДВ во износ од 1.704.781,00 денари за период од 01.01.2022 до 30.06.2022 година,. Влезните исполнувања со право на одбивка се по основ на влезни фактури со ДДВ 18% од домашни добавувачи за кирии, комуналии, сметководство, набавка на канцелариски материјали и др.
Во книговодствената евиденција на даночниот обврзник влезниот ДДВ од домашни добавувачи е евидентиран на сметка 160-влезен ДДВ. Контролираната документација е евидентирана во налози за книжење:бр.400014, 4000020, 400038 од 2021 година и нзк.бр. 400061. 400433. 400151 од 2022 година

**Влезен промет од увоз-**Во контролираниот период даночниот обврзник за 2022 година има евидентирано увоз во износ од 16.109.856,00 денари и ДДВ од увоз во износ од 2.899.775. извршениот увоз произлегува од набавка на медицинска спортска опрема со која се следи спремноста, здравјето, прецизноста на спортистите како и останатите лица кои сакаат да ја добијат таа услуга. Набавената опрема е евидентирана во сметководствената евиденвија на сметка 0210-опрема. Увозот е од Хрватска од ЛАРУС СПОРТ ДОО, а ДДВ од увоз е евидентиран на аналитичка сметка 16011-ДДВ од увоз и истото е платено од страна на шпедитерот.
Извршена е контрола на документација евидентирана во налози за книжење:бр.221006 од 2022 година

Со контролата не се констатирани неправилности.

**Завршен разговор**

Согласно одредбите од член 101 став 2 од Законот за даночна постапка (Сл.весник на РМ бр. 13/2006... 35/18.и Сл.Весник на РСМ бр...275/2019...247/22) Завршен разговор не е одржан од причина што нема промена на даночната основа.

Напомена: Согласно член 102 од Законот за даночна постапка, даночниот обврзник има право да се произнесе по записник, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на истиот.

Согласно член 50 став 5 од ЗДП, Управата за јавни приходи го задржува правото по службена должност да ја утврди фактичката состојба и по потреба дополнително да се произнесе.

Инспектор:
Бранимир Михајловски

Доставено:
Даночен обврзник
Инспекторско досие
Архива